


Контролните панели INTEGRA овозможуваат имплементација на алармен систем со автоматизација на домот во рамките на еден систем. Ова решение нуди поширока функционалност од опцијата во која се користат голем број на одделни системи. Ова не е само погодно, туку и рентабилно, бидејќи истите уреди можат да извршат неколку функции. Леснотијата на користење е исто така многу важна. Системите INTEGRA обезбедуваат интуитивно и user-friendly секојдневно работење на вашиот систем.



## Контрола на системот преку апликација

Обезбедено е брзо и удобно далечинско управување на сите функции на системот. Апликацијата INTEGRA CONTROL ќе го направи Вашиот мобилен телефон или таблет, уред за мобилен контролен центар за целиот објект.






Како дополнителна опција е далечинското APT-200 со 5 копчиња на кое може да доделите какви било 6 функции, како што се отварање на врата, вклучување на светла, спуштање на ролетни, повикување на помош.

**APT-200**

## Безбедност, удобност и заштеда

- комбинација на алармен систем и автоматизација
- поголема удобност за живеење со современи решенија
- удобно далечинско управување преку мобилни уреди
- секвенци на настани може да се повикаат со единствена команда од тастатурата или мобилната апликација
- лесно ракување со системот
- заштеда преку интелегентно управување со енергијата


Интелегентно осветлување
Користењето на системот INTEGRA Ви дава можност за едноставна контрола на осветлувањето. Светилките може да се вклучат или исклучат според одреден распоред или упатства на корисниците. Користењето на макро команди е исклучително погодно: со допирање на соодветна икона на тастатурата или во мобилната апликација, може да повикате цела низа на настани на пр. да ги вклучите градинарските светла во специфичен редослед.
Системот може да вклучува и компоненти за осветлување при итни случаи, што ќе го олеснат движењето низ просториите во случај на прекин на електричната енергија.


Симулација на присуство
Автоматска контрола на внатрешното и надворешното осветлување може да се користи за дополнителна заштита од кражба.
Системот се програмира за повремено да ја уклучува и исклучува светлината во некои простории и околу куќата за време на продолженото отсуство на членовите од домаќинството.


Совршена температура
Системот INTEGRA може да биде конфигуриран
за да ја контролира работата на системите за греење
и климатизација, одржувајќи ја температурата во просторијата
на посакуваното ниво и да ја прилагоди на пр. до времето
на денот. Откако сите членови на домаќинството ја
напуштат куќата, климатизацијата може да се вклучи
во режим на економија. Така користењето на овој систем
станува не само погодно, туку може да донесе и
заштеда на енергија.


Затвори, прилагоди, отвори
Ролетните во Вашиот дом може да бидат
контролирани со контролните панели INTEGRA.
Ова Ви овозможува брзо и лесно подигнување или
спуштање на ролетните во целата куќа, а со користење
на мобилната апликација можност за контрола
од далечина. Системот може и автоматски да ги
спушти ролетните откако ќе излезат сите членови
од домаќинството.


Отворање и затварање на врата
Контролните панели INTEGRA исто така Ви овозможуваат да ја контролирате влезната врата на имотот, или гаражната врата. За да ги отворите и затворите можете да ги користите иконите од тастатурата на допир, далечинското или апликацијата на мобилните телефони.


Секогаш убава градина
Паметниот систем може да грижи за состојбата на вашата градина со контролирање на уредите за наводнување според претходно програмиран распоред. Во одредено време, прскалките ќе го наводнуваат тревникот, а линиите за наводнување капка по капка ќе обезбедат соодветна количина на вода за цвеќето. Слично решение ќе работи и во стаклена градина опремена со воден систем со електрични вентили.